ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONËN E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 01-394/1
21-08-2026 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПЛАН ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ ЗА 2027 ГОДИНА

АВГУСТ 2026, СКОПЈЕ

## 1. Вовед

Согласно член 8 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на РСМ“ бр. 64/2024, 37/25, 86/25, 101/25, 135/25 и 132/26), Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот го усвојува Планот за работа на Агенцијата за 2027 година.

Агенцијата за управување со одземен имот (во понатамошниот текст: Агенцијата) е формирана во 2008 година, а со работа започна од 2009 година како самостоен правен субјект. Нејзините надлежности се определени со закон и ги опфаќаат сите фази на управување со одземениот и конфискуваниот имот – од моментот на негово привремено одземање, па сè до трајното располагање со истиот врз основа на правосилна одлука донесена во кривична или прекршочна постапка.

Органи на Агенцијата се директорот и Управниот одбор составен од седум члена, избрани со мандат од пет години, без право на повторен избор. За спроведувањето на своите активности, Агенцијата одговара пред Владата на Република Северна Македонија.

Агенцијата е значајна алка во борбата против организираниот криминал и корупција, преку обезбедување на ефикасно управување со одземениот и конфискуваниот имот.

Планот за работа на Агенцијата за 2027 година е насочен кон модернизација на постоечките процеси, одржување и зголемување на вредноста на одземениот и конфискуваниот имот, како и обезбедување на континуиран прилив на финансиски средства во државниот буџети во буџетот на Агенцијата од реализираните продажби на одземениот и конфискуваниот имот и средствата од конфискуваната имотна корист како принос од казнено дело, како и од отстапување на подвижни предмети, конфискуван имот и закуп на конфискуван имот.

Во текот на 2027 година Агенцијата ќе продолжи со извршување на законски предвидените надлежности, а согласно начелата на добар домаќин и добар стопанственик, начелата на законитост, ефикасност, економичност, транспарентност, одговорност, стручност, професионалност и ажурност.

### 1.1 Делокруг на Агенцијата:

- Спроведување на постапките за:
  - извршување на конфискацијата на имот и имотна корист,
  - отстапување на привремено одземени и одземени предмети, како и конфискуван имот,
  - продажба на одземени предмети и конфискуван имот,
  - закуп на конфискуван имот.
- Чување и складирање на одземениот имот во магацините во КПУ Идризово, Тетово, Гевгелија, Славија, Ѓорче Петров и плацот во Миладиновци (наведените магацини не се доволни за складирање на целокупниот одземен имот во кривична и прекршочна постапка за што Агенцијата ја извести Владата на Република Северна Македонија).
- Соработка со Министерството за правда - Бирото за процена, со цел вршење на процена заради продавање или отстапување на одземениот и конфискуваниот имот.

- Соработка со институции кои доставуваат одземена стока или конфискуван имот во Агенцијата за обезбедување на процени на вредноста на имотот.
- Водење на евиденција на привремено одземени и одземени предмети, како и конфискуван имот.
- Подготовка на квартални, полугодишни и годишни извештаи за работа на Агенцијата, изготвување на планови и стратегиии за работа на Агенцијата.
- Превземање на активности за расчистување на оптеретените хипотекарни имоти (бришење на времени мерки, решенија од судови, како и налози од нотари и извршители
- Уништување  на одземениот имот кој не може да се продаде поради здравствени, ветеринарни, фитосанитарни или безбедносни причини, одземените тутунски, алкохолни и други производи за кои не постои декларација или доколку се фалсификати, лекови, оружје и дрога, со што се врши расчистување на нашите магацини и се ослободува простор за примање на нова одземена стока.
- Учество на годишни собранија на акционери на АД Славија извоз-увоз Скопје.

Согласно Реформската агенда (2024-2027) и Планот за раст, Агенцијата во текот на 2027 година, предвидува:

- Изградба на современ магацински центар за складирање и управување со одземен имот, вклучувајќи специјализирани магацини за чување на одземената стока и катна гаража за одземени возила (декември 2027).
- Надградба на ИКТ систем за евиденција, следење и управување со одземениот имот (декември 2027).
- Обнова на техничката опрема и инфраструктурата на Агенцијата, вклучувајќи возила, ИТ опрема и безбедносни системи и видеосистеми за магацините.
- Воспоставување на нов систем за електронска продажба, поврзан со ИКТ систем за евиденција.

Со цел навремено исполнување на обврските од Планот за раст и националните стратешки документи, неопходно е:

- Обезбедување на финансиска поддршка за надградба на Е-регистарот и системот за електронска продажба.
- Обезбедување на финансиска поддршка за изградба на нови магацински капацитети.

Агенцијата останува посветена на унапредување на транспарентноста, ефикасноста и одговорното управување со одземениот имот, во интерес на правдата и јавниот интерес.

Во текот на 2027 година, Агенцијата продолжува со интензивна и координирана соработка со:

- Министерството за внатрешни работи,
- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија,
- Управата за финансиска полиција,
- Царинската управа,
- Управата за јавни приходи,
- Судовите,
- Министерството за правда, и

- Други надлежни институции.

## 2. Основни цели на Акцискиот план за 2027 година

- Подобрување на системот за конфискација и управување со имот и предмети, со цел поголема ефикасност и транспарентност.
- Зголемување на буџетските приходи и приходи на Агенцијата преку поефикасна продажба и управување со конфискуваните средства, наплата по основ на правосилни пресуди на противправно стекната имотна корист, како закуп на конфискуван имот.
- Јакнење на меѓународната соработка и размена на информации со сродни агенции и институции.
- Подигнување на нивото на безбедност и заштита на одземениот имот.
- Континуирано стручно усовршување на вработените во Агенцијата.

## 3. Стратешки области и задачи

### 3.1 Управување со конфискуван имот и одземени предмети

**Цел:** Ефикасно, безбедно и транспарентно управување со привремено одземените и одземените предмети, како и конфискуван имот.

Активности:

- Спроведување редовни контроли и ревизии на привремено одземените и одземените предмети, како и конфискуван имот, кои се чуваат во магацините на Агенцијата.
- Имплементација и целосно користење на електронскиот регистар за евиденција.
- Изготвување на стандардни протоколи за управување и одржување на имотот со кој располага Агенцијата.

### 3.2 Продажба на конфискуван имот и одземени предмети

**Цел:** Поголема ефикасност, транспарентност и конкурентност во процесот на продажба.

Активности:

- Обезбедување на процени на конфискуван имот и подвижни предмети
- Организирање на електронско јавно наддавање со современи дигитални решенија.
- Подготвување редовни извештаи од спроведените продажби.
- Усогласување на процедурите со европските стандарди и добри практики.

### 3.3 Закуп на конфискуван имот

**Цел**: Соодветно управување со хипотекарниот имот преку негово давање под закуп и остварување приходи.

**Активности:**

- Организирање на електронско јавно наддавање за спроведување на закуп.
- Склучување и следење на договорите за закуп.
- Следење на условите за идно располагање со имот.
- Подготвување редовни извештаи од спроведениот закуп.

### 3.4 Отстапување на привремено одземени и одземени предмети

**Цел:** Соодветно управување со привремено одземени и одземени предмети со цел намалување на трошоците за нивно чување и одржување како и зачувување на нивната вредност, и помош на државните органи, јавни установи и претпријатија основани од државата и општините, здруженија и фондации.

**Активности:**

- Спроведување на постапката за отстапување на привремено одземени и одземени предмети.
- Примопредавање на отстапените предмети.
- Евиденција на отстапени предмети.

### 3.5 Наплата на противправно стекната имотна корист

**Цел:** Извршување на пресудите по основ на противправно стекната имотна корист и обезбедување на поголеми финансиски средства во Буџетот на РСМ.

**Активности:**

- Обезбедување на податоци за противправно стекнатиот имот (банки, Агенција за катастар на недвижности, Централен депозитер и други институции).
- Блокада на сметки и пренос на право на сопственост на имотот, акции, и др. во име и за сметка на државата.
- Задржување на износ од платата или пензијата од континуираните парични приходи на физички или правни лица стекнати по друг основ, во висина од 1/3 од вкупните приходи.

### 3.6 Превенција на нелегален имот

**Цел:** Превентивно делување и отстранување на нелегално стекнатиот имот.

**Активности:**

- Спроведување заеднички акции со други институции во фазата на „пре-сезија“ (планирање пред одземање).

### 3.7 Меѓународна соработка и учество во иницијативи

**Цел:** Активно учество и размена на искуства на меѓународно ниво.

**Активности:**

- Потпишување нови меморандуми за соработка со сродни агенции.
- Учество на меѓународни обуки, конференции и мрежи (БАМИН, RAI, UNODC, ОБСЕ, ГИЗ, IPA програми и др.).

### 3.8 Уништување на одземени предмети

**Цел:** Безбедно и контролирано уништување на предмети кои не може да се продададат поради здравствени, ветеринарни, фитосанитарни или безбедносни причини, одземените тутунски, алкохолни и други производи за кои не постои декларација или доколку се фалсификати, лекови, оружје и дрога, со што се врши расчистување на нашите магацини и се ослободува простор за примање на нова одземена стока.

**Активности:**

- Организација на редовни акции за уништување на дрога, оружје, фалсификати, и лекови алкохолни и тутунски производи и други предмети кои не ги исполнуваат условите за продажба или отстапување согласно законот.
- Применување унифицирани процедури за уништување.
- Расчистување на магацините преку уништување на одзмените предмети и создавање на простор за прием на нова одземена стока.
- Селекција и продажба на хаварисани возила како старо железо.

## 4. Капацитети и стручно усовршување

**Цел:** Јакнење на институционалните и човечките капацитети.

**Активности:**

- Воведување на редовни интерни и екстерни обуки за сите вработени.
- Организирање семинари со странски експерти во областа на конфискација и управување со имот.
- Заеднички обуки со Јавното обвинителство, истражни органи и судовите.
- Јакнење на меѓуинституционалната координација со АРО канцеларијата и други тела.

## 5. Мониторинг и извештаи

**Цел:** Поголема отчетност и транспарентност.

**Активности:**

- Изработка на годишни и полугодишни извештаи за постигнатите резултати од работењето на Агенцијата.
- Редовно информирање на Управниот одбор и Владата за управувањето со имот.
- Применување нови методологии за мерење на ефикасноста.
- Објавување извештаи и информации на официјалната веб-страница.
- Изготвување на квартални извешати за привремено одземена стока.

## 6. Мерки за одговорно и ефективно управување

- **М1:** Зајакнување на улогата на Управниот одбор (7 члена со петгодишен мандат).
- **М2:** Донесување и примена на подзаконски акти, усогласени со ЕУ директивите.
- **М3:** Кадровско екипирање и техничко опремување согласно Реформската агенда.
- **М4:** Воспоставување и користење на електронскиот регистар за одземен имот.
- **М5:** Пристап до бази на податоци на други институции преку интероперабилност.
- **М6:** Подобрување на просторните капацитети за складирање, со стандарди на ЕУ.
- **М7:** Унапредена меѓуресорска координација преку заеднички работни групи.
- **М8:** Продлабочена меѓународна соработка преку БАМИН и други мрежи.
- **М9:** Јавна достапност на информации преку електронскиот регистар и веб-страницата.

## 7. Посебна цел: Социјална пренамена на имот

- **М1:** Донесување подзаконски акти за распределба на имот за социјални потреби кои што се донесени согласно постоечките изменувања и дополнувања на законот и кои се во сила.
- **М2:** Подигнување на јавната свест и вклучување на граѓанскиот сектор во процесот.

## 8. Заклучок

Акцискиот план за 2027 година претставува основа за понатамошен развој на Агенцијата.

Спроведувањето на планираните активности ќе придонесе кон:

- Поголема ефикасност и транспарентност.
- Јакнење на институционалните и човечките капацитети.
- Подобрување на системот за управување со одземен имот.
- Поголема социјална корист преку пренамена на дел од имотот.

- Обезбедување на поголеми финансиски средства за државниот буџет и буџетот на Агенцијата.

Овие мерки ќе овозможат Агенцијата да ја исполни својата улога како клучен механизам во борбата против криминалот и корупцијата, а истовремено ќе обезбеди значајни економски и општествени придобивки за државата.

Агенцијата ќе продолжи да воспоставува систем на одговорна и отчетна државна служба пред граѓаните и Владата на РСМ, во однос на управување, отстапување, продавање и закуп на конфискуваниот имот, наплатата на имотната корист и одземање на предмети.

# **АКЦИСКИ ПЛАН 2027**

Акцискиот план ја утврдува рамката за реализација на приоритетите и ги опфаќа:

- Конкретните мерки и активности што ќе придонесат за исполнување на општите и специфичните цели во рамки на приоритетните области;
- Агенцијата (АУОИ) како носител институција  задолжена за имплементација, како и останатите релевантни органи кои ќе учествуваат во спроведувањето;
- Временската динамика преку определување на почетен и завршен квартал во текот на 2027 година за реализација на секоја активност;
- Проценетите финансиски средства потребни за спроведување и изворите на нивно обезбедување;
- Индикаторите за мерење на резултатите, дефинирани на три нивоа: резултат (мерки), исход (специфична цел) и ефект (општа цел).

# АКЦИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
## За периодот 2027 ГОДИНА

**III. ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ:**
**Управување со одземениот и конфискуван имот, вклучително и негова повторна употреба за социјални цели**

| | |
|---|---|
| <u>Општа цел:</u><br>**Зачувување и одржување на вредноста на привремено одземен и конфискуван имот** | **Показател на ефект**<br>**Процент на поврат на одземен и конфискуван имот преку продажба, уништување или враќање на сопственикот, отстапувања,закуп** |
| <u>Посебна цел 3.1</u><br>**Зајакнување на капацитетите и поголема ефикасност на Агенцијата за управување со одземен имот** | **Показател на исход:**<br>Зголемување на нивото на севкупниот процес на менаџмент: физичко преземање на запленетиот имот и нивен превоз, увид и проценка, складирање и успешно одржување и сочувување на вредноста на одземениот (привремено и конечно) и конфискуван имот, зголемување на приходот од продажби, отстапување и закуп. |

| Мерки | Активности | Водечки орган<br>Други органи | Почетен датум (квартал) | Планиран датум на извршување (квартал) | Проценка на потребните средствата | Извор на финансирање | Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.1. Утврдување на правната рамка која ќе обезбеди ефикасна имплементација на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка** | 3.1.1-1 Донесување на подзаконски акт за евиденција на имотот, согласно новиот електронски регистар | АУОИ | I Квартал 2027 | II Квартал 2027 | 0 | | <u>**Показател на резултат:**</u><br>Степен на воспоставена правната рамка која ќе обезбеди ефикасна имплементација на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка |
| | -Донесување на сметководтсвени политики | АУОИ | I Квартал 2027 | II Квартал 2027 | 0 | | |
| | -Донесување на Правилник за видеонадзор на објектите на Агенцијата | АУОИ | I Квартал 2027 | II Квартал 2027 | 0 | | |
| | 3.1.1-2 Организирање и спроведување на обуки, работилници, семинари за одредбите од новиот Закон за | АСЈО<br>АУОИ<br>ЈОРСМ | I Квартал 2027 | IV квартал 2027 | 30.000 | Буџет | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | управување со конфискуван имот, имотна корист и одземен предмети во кривична и прекршочна постапка | УФП ЦУ, УЈП, МВР, ДП, Судови Општини Банкарски сектор и др. Релевантни институции | | | | | |
| **3.1.2 Усовршување на постоечкиот работен кадар и техничко опремување на АУОИ** | *3.1.2-1 Спроведување на обуки на персоналот на АУОИ за најдобрите пракси за управување со одземениот имот* | | I Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | | Сопствени приходи на Агенција | <u>Показател на резултат</u>: |
| | 3.1.2-2 Материјално-техничко опремување на просториите на АУОИ, како и информатичка опрема | АУОИ | I Квартал 2027 | III Квартал 2027 | 400.000 | Сопствени приходи на Агенција | |
| | 3.1.2-3 Набавка на техничка опрема за складирање, чување и одржување на имотот и видео надзор на магацините | АУОИ | I Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | 1.000.000 | Буџет/ 7 % од оставрен приход /поддршка од донации | *Степен на набавена материјално техничка опрема која е ставена во функција* |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.3 Имплементација на електронскиот регистар за одземен имот и обезбедување на систем за електронска продажба** | 3.1.3-1 Обезбедување финансиски средства за надградба на електронскиот регистар и систем за електронска продажба | АУОИ | I квартал 2027 | IV квартал 2027 | 4.000.000 | МФ, Влада на РСМ, Сопствени приходи на Агенција | <u>Показател на резултат:</u><br>Степен на воспоставување на електронски регистар за одземениот имот и систем за продажба |
| | 3.1.3-2 Изготвување на техничка спецификација и набавка за софтверското решение со следните ставки:<br>можност за идна конекција со системите на другите институции преку платформата за интероперабилност преку дефинирање и развивање на API-а и веб сервиси; веб страна; веб апликација за онлајн јавно надавање/систем на продажба | АУОИ | I Квартал 2027 | III Квартал 2027 | | Буџет, Сопствени приходи на Агенција | |
| | 3.1.3-3 Обука на вработените за користење на електронскиот регистар | Фирма од која е набавен електронскиот регистар | I квартал 2027 | II квартал 2027 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.4 Обезбедување пристап до базите на податоци на другите институции** | 3.1.4-1 Склучување на меморандуми за соработка со други институции со кои ќе се уреди начинот на размена на податоци | АУОИ<br>АКН<br>ЦР<br>ЦДХВ<br>КБ<br>АВРСМ<br>УМК<br>МВР<br>Судови<br>ЈОРСМ<br>АРО<br>ЦУ<br>УФП<br>УФР<br>БСВ | I Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | | | <u>Показател на резултат:</u><br><br>Бројот на операционализирани меморандуми/договори за пристап до базите на другите институции |
| | 3.1.4-2 Операционализација на потпишаните меморандуми/договори | | II Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | | | |
| | 3.1.4-3 Обука на вработените во АУОИ за користење на платформата за Интероперабилност | | II Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | | | |
| | 3.1.4-4 Анализа на потребите на склучување на нови договори за електронска размена на податоци | | II Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | | | |
| **3.1.5 Подобрување на просторните капацитети за чување на одземениот имот** | 3.1.5-1 Анализа на состојбата со складиштата и чување на одземениот имот | АУОИ | I Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | | | <u>Показател на резултат:</u><br>Степен на подобрување на просторни капацитети за чување на одземениот имот согласно ЕУ стандардите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.5-2 Донесување на План за унапредување на просторните капацитети за чување на одземениот имот | АУОИ | I Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | | | |
| 3.1.5-3 Обезбедување финансиски средства за имплементација и изработка на основен проект за изградба на нов магацински простор | АУОИ/Министерство за транспорт и врски/Агенција за просторно и урбанистичко планирање | I Квартал 2027 | II Квартал 2027 | 358.000.000 | БУЏЕТ на АУОИ/ Сопствени приходи на Агенција | |
| 3.1.5-4 Изработка на Основен проект и Изградба на магацински простор согласно ЕУ стандардите за складирање и чување на одземениот и конфискуван имот по вид и количина, кој ќе вклучува и:<br>- паркинг плац и гаражи за возила<br>- просторни услови и услови за работа во магацините | АУОИ | II Квартал 2027 | IV квартал 2027 | 358.000.000 | БУЏЕТ на АУОИ/ Сопствени приходи на Агенција | |
| 3.1.5-5 Склучување договори со трети страни за складирање на специфични одземени предмети | АУОИ | I Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | 1.000.000 | Сопствени приходи на Агенција | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.6 Унапредување на меѓу ресорската координација** | 3.1.6-1 Формирање на меѓу ресорска работна група на експерти | АУОИ, ЈОРСМ АРО МВР ЦУ УФП МП | I Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | | | **Показатели на резултат:**<br><br>Број на извештаи од одржани координативни состаноци на меѓуресорската работна група |
| | 3.1.6-2 одржување на редовни квартални координативни состаноци | Суд | | | | | |
| | 3.1.6-3 Склучување на протоколи/договори за соработка во постапка со одземени предмети во прекршочна, кривична и управна постапка | ЈОРСМ/АРО МВР МО НБРСМ ДЗС и АКН | I Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | | | |
| **3.1.7 Интензивирање на меѓународната соработка** | 3.1.7-1 Вклученост во меѓународни мрежи за управување со одземен имот (BAMIN и други меѓународни иницијативи и проекти) | АУОИ | I Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | 100.000 | Донаторска поддршка | **Показател на резултат:** извештаи од одржани состаноци во рамки на меѓународните мрежи за управување со одземен имот и меѓународни иницијативи<br><br>Број на склучени договори за заемна соработка со надлежни институции за управување со одземен и конфискуван имот во странство<br>Број на реализирани предмети за управување или продажба на конфискуван имот со прекугранична природа |
| | 3.1.7-2 Склучување на договори за заемна соработка со надлежните институции за управување со одземен и конфискуван имот во странство | АУОИ | I Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | | Донаторска поддршка | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.8 Обезбедување поголема транспарентност во работата на АУОИ** | 3.1.8-1 Објавување на полугодишни и годишни извештаи за работа на АУОИ, планови за работа, упатсва, законски и подзакоснки акти на веб страна на АУОИ | | I Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | 70.000 | Сопствени приходи на Агенција | **<u>Показател на резултат:</u>** бројот на објавени извештаи од делокруг на АУОИ<br>транспарентно објавени податоци за одземениот и конфискуваниот имот |
| | 3.1.8-2 Објави на социјални мрежи за прашања од делокруг на АУОИ | | I Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | | | |
| | 3.1.8-3 Пристап до електронскиот регистар за одземен имот | | IV Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | | | |
| **Посебна цел 3.2:**<br>**Унапредување на механизмот за користење на одземениот и конфискуван имот за социјални цели** | | | | **Показател на исход:**<br>**Број/количина на имот употребен за социјална пренамена** | | | |
| **3.2.1 Воспоставување на механизмот за социјална пренамена на конфискуваниот нелегално стекнат имот** | 3.2.1-1 Воспоставување на механизам за социјална реупотреба на одземени недвижности на жртви од насилство или пренамена со поддршка за општествени цели | АУОИ/ МП | I Квартал 2027 | I Квартал 2027 | | Донаторска поддршка | **Показател резултат:** |
| **3.2.2. Подигнување на свеста за важноста на овој механизам за социјалните потреби на граѓаните** | 3.2.2-1 Организирање на работилници, семинари со претставници со граѓанскиот сектор и другите институции за социјална пренамена на одземениот и конфискуван имот | АУОИ | I Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | | | **Показател резултат:** Број организирани работилници |
| 3.2.3 Спроведување на постапка за уништување: | **3.2.3-1 Спроведување на постапка за уништување на разна стока** | АУОИ | I Квартал 2027<br>**III Квартал 2027** | II Квартал 2027<br>IV **Квартал 2027** | 1.500.000 | Сопствени приходи на Агенција | **Број на спроведени донесени Одлука за уништување и спроведување на одлуката** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.2.4 Спроведување на постапка за донација и отстапување:** | 3.2.4-1 **Спроведување на постапка за** донација и отстапување **на разна стока** | АУОИ | I Квартал 2027<br>III Квартал 2027 | II Квартал 2027<br>IV Квартал 2027 | | | **Број на Донесени Одлука за отстапување и спроведување на одлуката** |
| **3.2.5 Расчистување на конфискуваниот имот врз кој има воспоставено хипотеки** | 3.2.5-1 Расчистување на конфискуваниот имот врз кој има воспоставено хипотека УЈП<br>3.2.5-2 Расчистување на конфискуваниот имот врз кој имаат воспоставено хипотека Комерцијалните банки | АУОИ | I Квартал 2027<br>III Квартал 2027 | II Квартал 2027<br>IV Квартал 2027 | | | **Показател на резултат:**<br>Чисти имотни листови и започнување на постапка за нивна продажба |

Арх.бр. 01-3943/1 од 21.08.2026

**Директор**
**на Агенција за управување со одземен имот**
**Ирена Илиевска**

Изготвил: м-р Анита Бошкова

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONËN E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 01-3943/1
21-08-2026 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - ШКУП

# РЕВИДИРАН ФИНАНСИСКИ ПЛАН 2027

АВГУСТ 2026, СКОПЈЕ

## РЕВИДИРАН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2027

Во согласност со член 8 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*Службен весник на РСМ бр. 64/24,37/25,86/25,101/25,135/25 I 132/26*), Агенцијата за управување со одземен имот го изготви **ПРЕДЛОГ ПЛАНОТ ЗА РАБОТА за 2027 година**, кој вклучува и **Акциски план**. Овој план е доставен до Секторот за финансиски прашања на Агенцијата за понатамошно разгледување и усогласување.

По спроведеното финансиско ревидирање на предложениот **План за работа за 2027 година**, вклучувајќи го прилогот **Акциски план**, Секторот за финансиски прашања изготви и усвои **Образец Б1 - Финансиски план** – проекција на приходи и расходи за 2027 година, кој обезбедува јасна слика за планираните финансиските текови во текот на годината. Финансискиот план е усогласен со стратегиите на Агенцијата и законските регулативи, и како таков претставува составен дел на целокупната документација.

Планот за работа за 2027 година и поврзаниот финансиски план имаат за цел да обезбедат ефикасно управување со одземениот имот, да се поддржи процесот на конфискација и праведна распределба на конфискуваните средства, како и да се осигураат потребните средства за тековното функционирање на Агенцијата. Во оваа насока, сите активности и финансиски реализации ќе се вршат во согласност со актуелните законски рамки, со цел да се осигура целосна транспарентност и отчетност.

Сектор за финансиски прашања

Весна Вигњевиќ

______________

Образец Б 1

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН - Проекција на приходи и расходи за 2027 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска/владина програма | Агенција за управување со одземен имот<br>Управување, располагање, давање и продавање на одземени предмети и ствари во кривична и прекршочна постапка. | Ознака на буџетска/владина програма | 20 |
| Име на буџетска/владина/развојна потпрограма | | Ознака на буџетска/владина/развојна потпрограма | |

| Приходна потставка | Опис | ПРОЕКЦИЈА ЗА 2027 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Приходи од органи (631) | Приходи од самофинансирачки активности (787/788) | Приходи од донации (785) | Приходи од заеми (786) |
| | Приходи | | | | |
| 723220 | 7% од продажба на конфискуван движен и недвижен имот | | 32.950.000 | | |
| | закупнина од објекти во државна сопственост | | | | |
| | неданочни приходи од задржан депозит | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | Вкупно приходи со пренесено салдо од тековната година | | | | |

Детално образложение за основот по кој се остваруваат приходите

* Планираниот износ на пренесеното салдо од тековната година да биде вклучен во приходната табела на соодветното приходно конто (741114)

| Расходна ставка | Опис | ПРОЕКЦИЈА ЗА 2027 ГОДИНА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет (637) | Расходи од приходи од органи (631) | Расходи од самофинансирачки активности (787/788) | Расходи од донации (785) | Расходи од заеми (786) |
| | **Расходи** | 215.000.000 | | 32.950.000 | | |
| | Вкупно расходи | 215.000.000 | 0 | 32.950.000 | 0 | 0 |
| 40 | **Плати и надоместоци** | 48.800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 401 | Основни плати | 33.300.000 | | | | |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 13.000.000 | | | | |
| 403 | Останати придонеси од плати | | | | | |
| 404 | Надоместоци | 2.500.000 | | | | |
| 41 | **Резерви и недефинирани расходи** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | | | | | |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | | | | | |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | | | | | |
| 414 | Резерви за капитални расходи | | | | | |
| 42 | Стоки и услуги | 10.000.000 | 0 | 21.250.000 | 0 | 0 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 310.000 | | 350.000 | | |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 4.610.000 | | 10.000.000 | | |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 320.000 | | 900.000 | | |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 1.720.000 | | 2.000.000 | | |
| 425 | Договорни услуги | 2.030.000 | | 4.500.000 | | |
| 426 | Други тековни расходи | 1.010.000 | | 3.500.000 | | |
| 427 | Привремени вработувања | | | | | |
| 43 | Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 431 | Трансфери до Фондот за ПИОМ | | | | | |
| 432 | Трансфери до Агенцијата за вработување | | | | | |
| 433 | Трансфери до Фондот за здравствено осигурување | | | | | |
| 44 | Тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 441 | Дотации од ДДВ | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 442 | Наменски дотации | | | | | |
| 443 | Блок дотации | | | | | |
| 444 | Дотации за делегирани одделни надлежности | | | | | |
| 45 | **Каматни плаќања** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 451 | Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори | | | | | |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | | | | | |
| 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | | | | | |
| 46 | **Субвенции и трансфери** | 1.200.000 | 0 | 3.200.000 | 0 | 0 |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | | | | | |
| 462 | Субвенции за приватни претпријатија | | | | | |
| 463 | Трансфери до невладини организации | | | | | |
| 464 | Разни трансфери | 1.200.000 | | 3.200.000 | | |
| 465 | Исплата по извршни исправи | | | | | |
| 47 | **Социјални бенефиции** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 471 | Социјални надоместоци | | | | | |
| 472 | Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ | | | | | |
| 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | | | |
| 474 | Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | | | | | |
| 48 | **Капитални расходи** | 155.000.000 | 0 | 8.500.000 | 0 | 0 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 1.000.000 | | 1.500.000 | | |
| 481 | Градежни објекти | | | | | |
| 482 | Други градежни објекти | 150.000.000 | | 3.000.000 | | |
| 483 | Купување на мебел | 1.000.000 | | | | |
| 484 | Стратешки стоки и други резерви | | | | | |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 3.000.000 | | 4.000.000 | | |
| 486 | Купување на возила | | | | | |
| 487 | Капитални трансфери до вонбуџетски фодови | | | | | |
| 488 | Капитални дотации до ЕЛС | | | | | |
| 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | | | | | |
| 49 | **Отплата на главнина** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | | | | | |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | | | | | |
| 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | | | | | |